# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 9.2.2023 година<br>Скопје<br>Број 2 год. XVIII | Претплатата за 2022 год. изнесува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |

www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


февруари, 2023 година

# С О Д Р Ж И Н А

Ст.


- Одлука за доделување парична помош за настраданите од земјотресот во Република Турција и Сирија, со Решение за објавување ..................................................................... 1 - 2

- Одлука за измена на Одлуката за прифаќање донација на патничко моторно возило од Шпаркасе Банка АД Скопје, со Решение за објавување ........................................................ 3 – 4

- Јавна објава ......................................................................... 5



---

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" БР. 1.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за доделување парична помош за настраданите од земјотресот во Република Турција и Сирија**

Се објавува Одлуката за доделување парична помош за настраданите од земјотресот во Република Турција и Сирија,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на првата вонредна седница, одржана на 9.2.2023 година.

Бр. 09-775/3
9.2.2023 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на првата вонредна седница, одржана на 9.2.2023 година, донесе

# О Д Л У К А
# за доделување парична помош за настраданите од земјотресот во Република Турција и Сирија

## Член 1

Се доделува парична помош во износ од 500.000,00 денари за настраданите од земјотресот во Република Турција и Сирија.

## Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука се издвојуваат од постојаната резерва на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2023 година.

## Член 3

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се уплатат на посебната сметка на Црвениот крст на Република Северна Македонија-Фонд за солидарност на Црвен крст на Република Северна Македонија-300000001327966 ДБ 4030984271620-АД Комерцијална банка, цел на дознака: уплата за настраданите од земјотресот во Република Турција и Сирија.

## Член 4

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-775/2
9.2.2023 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за прифаќање донација на патничко моторно возило од Шпаркасе Банка АД Скопје**

Се објавува Одлуката за измена на Одлуката за прифаќање донација на патничко моторно возило од Шпаркасе Банка АД Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на првата вонредна седница, одржана на 9.2.2023 година.

Бр. 09-775/5
9.2.2023 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на првата вонредна седница, одржана на 9.2.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на Одлуката за прифаќање донација на патничко моторно возило од Шпаркасе Банка АД Скопје**

**Член 1**

Се врши измена во Одлуката за прифаќање донација на патничко моторно возило од Шпаркасе Банка АД Скопје бр. 08-6251/50 од 28.12.2022 година, односно член 1 се менува и треба да гласи:

„Општина Центар-Скопје ја прифаќа донацијата на патничко моторно возило OPEL ASTRA NOTCHBACK, со регистарски таблички SK 2386 AK, година на производство 2016, прва регистрација на ден 26.2.2016 година, број на шасија W0LPD5ED3GG025907, тип на мотор B16XER идентификационен број на мотор 20UB2920, зафатнина на моторот 1598 cm 3, сила на моторот 85 KW, боја на возилото TEMNO SIVA/7F, сообраќајна дозвола МК 1473203, поминати 80.000,00 км, проценета вредност 215.600,00 денари (3.500,00 ЕУР) од Шпаркасе Банка АД Скопје".

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-775/4
9.2.2023 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска с.р.

Согласно Законот за општа управна постапка, член 84, Општина Центар ја врши следната објава

**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**Уп1 бр. 27-398/2022 од 09.01.2023 год.**
**С К О П Ј Е**

До
**Никола Ќорнаков Ул.Дебарца бр.10, Скопје**
**Фроска Ќорнакова Ул.Дебарца бр.10, Скопје**
**Тоде Поп Симонов Ул.Дебарца бр.16, Скопје**
**Кети Јованова Ул.Дебарца бр.10, Скопје**
**Кирил Ќорнаков Ул.Дебарца бр.10, Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Известување на соседи**

Градоначалникот на Општина Центар - Скопје постапувајќи по барањето на инвеститорот Никола Додевски со живеалиште во Скопје на ул. „11-ти Октомври“ бр.18-23, поднесено во електронска форма преку информатичкиот систем е-одобрение за градење, под Уп1 бр.27-398 од 29.09.2022 година, за издавање на Одобрение за градење на објект од втора категорија, со намена А2- Домување во станбени згради, на ул. Дебарца во Скопје, КП 11757, КО Центар 1, согласно ГП 7.8 од ДУП Изменување и дополнување на Детален урбанистички план градска четврт Буњаковец 1- УМ 7 со Одлука бр.07-2780/20 од 05.04.2012 година и Тех. Исправка со Одлука бр.08-261/2 од 17.01.2022 година, согласно законска регулатива за градење на тој вид градба **издаде Одобрение за градење со Уп1 бр.27-398 од 29.12.2022 година.**

**Напомена:** Странките имаат право на жалба во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје до Министерот кој раководи со органот на државната управа, надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Доколку не извршите увид и/или не поднесете жалба против издаденото Одобрение, во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје, Одобрението станува правосилно.

**Предупредување:** Согласно член 84 став 6 од Законот за општата управна постапка, овој начин на доставување се смета за уредна достава и за негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.